Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 45 став (1) а во врска со член 236 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), членови 21 и 22 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 21 октомври 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ- ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ), ЕУРОДИЗЕЛ БС И ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ (ЕЛ-1)**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт-трговија со течен нафтен гас (ТНГ) („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/12, 73/13, 99/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/21) издадена на Друштвото за трговија со технички гас и опрема БАШИНО ГАС извоз-увоз ДООЕЛ Велес, Прилогот 1 се заменува со нов Прилог кој е составен дел на оваа одлука.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши по барање на носителот на лиценцата поради зголемување на капацитетите со кои се врши дејноста и по службена должност поради усогласување со Законот за енергетика* и другите прописи и правила со кои се уредува вршењето на енергетската дејност за која се издава лиценцата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Северна Македонија” и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

О б р а з л о ж е н и е

Друштвото за трговија со технички гас и опрема БАШИНО ГАС извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште на ул. Вардарска бр.53 Велес (во понатамошниот текст: Друштво), до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторната комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за менување на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, УП1 бр. 11-89/11 од 29 септември 2021 година (во натамошниот текст: Барање).

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци Регулаторната комисија за енергетика на 30 септември 2021 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 15, односно од Образецот БЛ 22 од Правилникот за лиценци, се доставени во оригинал и електронски во pdf. формат. Постапувајќи по барањето Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното барање е потполно.

Друштвото побара менување на лиценцата поради зголемување на капацитетите со кои се врши дејноста со уште три резервоари по 60 $m^3$ за трговија со течен нафтен гас (ТНГ), кои се наоѓаат на КП бр.1484/1, Имотен лист бр.50807, КО Башино Село, кои беа одземени со Одлука за одземање на лиценца за вршење на енергетска дејност Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт – трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), Еуродизел БС и Екстра лесно масло за горење (ЕЛ-1) во делот за вршење енергетска дејност трговија со течен нафтен гас (ТНГ),(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.212/21).

За резервоарите е склучен Договор за закуп од 13 септември 2021 година со лицето Славица Митревска од Велес со времетраење од 10 години.

.

Постапувајќи по барањето на носителот на лиценцата за менување, Регулаторната комисија за енергетика утврди дека треба да се изврши и менување на лиценцата по службена должност согласно член 236 од Законот за енергетика* и член 21 од Правилникот за лиценци, поради усогласување со Законот за енергетика* и Правилникот за условите за евидентирање на количините и потребниот капацитет, на објектите за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива или горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/21), донесен од Министерството за економија на Република Северна Македонија.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги со Решение бр.02-1972/2 од 21 октомври 2021 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 21 октомври 2021 година, одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17, член 45 став (1) а во врска со член 236 од Законот за енергетика* и член 21 и 22 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), Еуродизел БС ), и Екстра лесно масло за горење (ЕЛ-1) на Друштвото за трговија со технички гас и опрема БАШИНО ГАС извоз-увоз ДООЕЛ Велес.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 11-89/11**
**21 октомври 2021 година**
**Скопје**

**Заменик Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**

**Enver Elmazi**

**Прилог:**

**ЛИЦЕНЦА**
**ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ**
**ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО СУРОВА НАФТА, НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ, БИОГОРИВА И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ - ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО СО ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС (ТНГ), ЕУРОДИЗЕЛ БС И ЕКСТРА ЛЕСНО МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ (ЕЛ-1)**

1. **Назив и седиште на носителот на лиценцата**
   Друштвото за трговија со технички гас и опрема БАШИНО ГАС извоз-увоз ДООЕЛ Велес, со седиште ул. Вардарска бр.53 Велес, Република Северна Македонија

1. **Енергетската дејност за која се издава лиценцата**
   Трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), Еуродизел БС и Екстра лесно масло за горење (ЕЛ-1)

2. **Датум на издавање на лиценцата:** 30 декември 2011

3. **Датум на важење на лиценцата:** 30 декември 2021

4. **Евидентен број на издадената лиценца:** НД – ТРГ – 36 - 11

5. **Единствен матичен број:** 5581028

6. **Единствен даночен број:** 4004001112589

7. **Вид и обем на енергетската дејност што ќе се врши**
   Со оваа лиценца се определуваат условите за вршење на дејноста трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.
   Како трговија на големо, во смисла на оваа лиценца се смета купување од земјата и странство на течен нафтен гас ТНГ, Еуродизел БС и Екстра лесно масло за горење (ЕЛ-1), заради натамошна продажба на трговци или потрошувачи во земјата и странство.

8. **Капацитети со кои се врши енергетската дејност**

   За вршење на енергетската дејност ќе се користат три резервоари по 60 $m^3$ за трговија со течен нафтен гас (ТНГ). Приемот и испораката на Еуродизел БС и Екстра лесно масло за горење (ЕЛ-1) ќе се врши преку 2 резервоари со капацитет од по 100 $m^3$ . Сите резервоари се наоѓаат на КП бр.1484/1, Имотен лист бр.50807, КО Башино Село и се закупени од Славица Митревска од Велес.
   Носителот на лиценцата е должен во секое време да поседува или да има обезбедено право на користење на склад во кој се складира течен нафтен гас (ТНГ), Еуродизел БС и Екстра лесно масло за горење (ЕЛ-1), со капацитет определен со прописите со кои се уредува трговијата со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт.
   Носителот на лиценцата е должен да ја извести Регулаторната комисија за енергетика за секоја промена на расположливиот капацитет за складирање на нафтениот дериват, најдоцна во рок од 30 дена по настаната промена.

9. **Подрачје на кое ќе се врши дејноста**
   Енергетската дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт - трговија на големо со течен нафтен гас (ТНГ), Еуродизел БС и Екстра лесно (ЕЛ-1), носителот на лиценцата може да ја врши на територијата на Република Северна Македонија и во странство.

**10. Општи обврски за носителот на лиценцата**

Носителот на лиценцата е должен да:

- обезбеди сигурно и безбедно снабдување со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт,
- обезбеди нафтените деривати, биогоривата и горивата за транспорт со кои врши трговија да ги исполнуваат пропишаните норми за квалитет,
- ги почитува законите, другите прописи и општи акти кои се однесуваат на вршење на дејноста трговија со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, заштита на конкуренцијата, заштита на потрошувачите, заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето и заштита при работа,
- ги почитува техничките правила, нормативи и стандарди за работа на енергетските објекти и опрема,
- доставува податоци и информации согласно Правилникот за начинот и постапката за следење на функционирањето на пазарите на енергија,
- доставува известувања за сите околности, настани и промени кои што имаат или би можеле да имаат влијание врз вршењето на енергетската дејност,
- да води одвоено сметководство за секоја поединечна енергетска дејност што ја врши или други дејности кои ги извршува,
- овозможи непосреден увид по барање на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, во целокупната документација која што се однесува на вршењето на енергетската дејност за која што е издадена лиценцата, во согласност со Правилникот за лиценци, и
- ги почитува правилниците и другите прописи кои ги донесува или одобрува Регулаторната комисија за енергетика во согласност со закон.

**11. Обврска за доставување на Годишен извештај за работењето**

Носителот на лиценцата е должен до Регулаторната комисија за енергетика најдоцна до 31 март во тековната година да достави Годишен извештај за работењето, вклучувајќи го и извештајот за финансиското и деловното работење во претходната година.

Годишниот извештај со сите прилози задолжително се доставува и во електронска форма.

Годишниот извештај треба да содржи податоци за:

1) опис и обем на вршењето на енергетската дејност во текот на годината,
2) годишна завршна сметка со сите прилози,
3) преземени мерки во текот на извештајната година за:
- заштита на објектите и опремата од надворешни влијанија и хаварии и осигурување на објектите и опремата за вршење на енергетска дејност,
- безбедност и здравје при работа,
- кадровска екипираност, обука и стручно усовршување на вработените,
- заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето,
- извршување на мониторинг на работењето,
- вршење на дејноста во услови на кризна состојба, промена на условите на светскиот пазар, како и воена и вонредна состојба,
4) извршување на годишната програма за ремонти,
5) реализирање на планот за работа кој што се однесува на соодветната година,
6) извршени инспекциски надзори и контроли од страна на надлежни инспекциски и други државни органи, со приложени фотокопии на записниците, извештаите и решенијата од извршените надзори и контроли.

**12. Менување, продолжување, пренос, престанување, суспендирање и одземање на лиценцата**

Менување, продолжување, пренос, престанок, суспендирање и одземање на оваа лиценца ќе се врши во согласност со одредбите од Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

**13. Мерки во случај на неисполнување на обврските на носителот на лиценцата**

Ако носителот на лиценцата не ги исполнува обврските содржани во оваа лиценца, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија ќе преземе мерки согласно Законот за енергетика* и Правилникот за лиценци.

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1), nënpika 17, nenit 45, paragrafi (1) ndërkaq në lidhje me nenin 236 të Ligjit të Energjetikës (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 96/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 96/19) dhe nenet 21 dhe 22 të Rregullores së Licencave (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 21 tetor 2021, miratoi

**V E N D I M**
**PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE TË TREGTISË ME SHUMICË ME NAFTË TË PAPËRPUNUAR, ME DERIVATE TË NAFTËS, ME BIOKARBURANTE DHE ME KARBURANTE PËR TRANSPORT - TREGTI ME GAS TË LËNGSHËM TË NAFTËS (LPG), ME EURODIZEL BS DHE ME VAJ EKSTRA TË LEHTË PËR DJEGIE (EL-1)**

1. Në Vendimin e Lëshimit të Licencës për Kryerjen e Veprimtarisë Energjetike të Tregtisë me Shumicë me Naftë të Papërpunuar, me Derivate të Naftës, me Biokarburante dhe me Karburante për Transport - tregti me shumicë me Gaz të Lëngshëm të Naftës (LPG) (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr.3/12, 73/13, 99/17 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr.212/21), lëshuar Shoqërisë e Tregtisë me Gaz Teknik dhe me Pajisje “BASHINO GAS” import - eksport SHPKNJP Veles, Shtojca 1 zëvendësohet me shtojcë të re, e cila është pjesë përbërëse e këtij vendimi.

2. Ndryshimi i licencës nga pika 1 e këtij vendimi kryhet me kërkesë të bartës të licencës për shkak të rritjes së kapaciteteve, me të cilat kryhet veprimtaria dhe me detyrë zyrtare, për shkak të harmonizimit me Ligjin e Energjetikës* dhe me rregullat dhe dispozitat e tjera, me të cilat rregullohet kryerja e veprimtarisë energjetike, për të cilën lëshohet licenca.

3. Ky vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit të tij, ndërsa publikohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut” dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 11-89/11**
**21 tetor 2021**
**Shkup**

**Zëvendëskryetari i**
**Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit**
**të Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Enver Elmazi**

**Shtojcë:**

**LICENCË**
**PËR KRYERJEN E VEPRIMTARISË ENERGJETIKE**
**TË TREGTISË ME SHUMICË ME NAFTË TË PAPËRPUNUAR, ME DERIVATE TË NAFTËS, ME BIOKARBURANTE**
**DHE ME KARBURANTE PËR TRANSPORT - TREGTI SHUMICË ME GAS TË LËNGSHËM TË NAFTËS (LPG), ME EURODIZEL BS DHE ME VAJ EKSTRA TË LEHTË PËR DJEGIE (EL-1)**

1. **Emri dhe selia e bartësit të licencës:**
Shoqëria e Tregtisë me Gaz Teknik dhe me Pajisje "BASHINO GAS" import-eksport SHPKNJP Veles, me seli në rr. "E Vardarit" nr.53 Veles, Republika e Maqedonisë së Veriut

1. **Veprimtaria energjetike për të cilën lëshohet licenca**
Tregti me shumicë me naftë të papërpunuar, me derivate të naftës, me biokarburante dhe me karburante për transport-tregti shumicë me Gas të Lëngshëm të Naftës (LPG), me Eurodizel BS dhe me Vaj Ekstra të Lehtë për Djegie (EL-1)

2. **Data e lëshimit të licencës:** 30 dhjetor 2011

3. **Data e skadimit të licencës:** 30 dhjetor 2021

4. **Numri evidentues i licencës së lëshuar:** НД – ТРГ – 36 - 11

5. **Numri i amzës:** 5581028

6. **Numri i tatimit:** 4004001112589

7. **Lloji dhe vëllimi i veprimtarisë energjetike që do të kryhet**
Me këtë licencë përcaktohet kushtet për kryerjen e veprimtarisë tregti me shumicë me naftë të papërpunuar, derivate të naftës, biokarburantë dhe karburantë për transport.
Si tregti me shumicë, në sensin e kësaj licence, konsiderohet blerja nga vendi dhe jashtë e Gazit të Lëngshëm të Naftës LPG, e Eurodizelit BS dhe e Vajit Ekstra të Lehtë për Amviseri (EL-1) për shitje të mëtutjeshme te tregtarët apo te konsumatorët në vend dhe jashtë.

8. **Kapacitet, me të cilat kryhet veprimtaria energjetike**
Për kryerjen e veprimtarisë energjetike do të përdoren tre rezervuare prej 60 $m^3$ për tregti me Gaz të Lëngshëm të Naftës (LPG). Pranimi i dërgesës së Eurodizelit BS dhe i Vajit Ekstra të Lehtë për Djegie (EL-1) do të kryhet përmes 2 rezervuarëve me kapacite prej 100$m^3$. Të gjithë rezervuarët ndodhen në PK nr.1484/1, Certifikata e Pronësisë nr.50807, KK f. Bashino Selo dhe të marra me qira nga Sllavica Mitrevska nga Velesi.
Bartësi i licencës është i obliguar që në çfarëdo kohë të posedojë ose të sigurojë të drejtën e përdorimit të depozitës, në të cilën do të depozitohet Gazi i Lëngshëm i Naftës (LPG), Eurodizeli BS dhe Vaji Ekstra i Lehtë për Djegie (EL-1) me kapacitet të përcaktuar me dispozitat, me të cilat rregullohet tregtia me naftë, me derivate të naftës, me biokarburante dhe me karburante për transport.
Bartësi i licencës është i obliguar ta njoftojë Komisionin Rregullator të Energjetikës për secilin ndryshim të kapacitetit në dispozicion për depozitim të derivateve të naftës, më së voni në afat prej 30 ditësh nga ndryshimi i bërë.

9. **Rajoni ku do të kryhet veprimtaria**
Veprimtarinë energjetike tregti me shumicë me naftë të papërpunuar, me derivate të naftës, me biokarburante dhe me karburante për transport - tregti me shumicë me Gaz të Lëngshëm të Naftës (LPG), me Eurodizel dhe me Vaj Ekstra të Lehtë (EL-1), me Eurodizel BS, bartësi i licencës mund ta kryejë në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe jashtë vendit.

10. **Detyrimet e përgjithshme të bartësit të licencës**

Bartësi i licencës është i detyruar:

- të sigurojë furnizim të sigurt me naftë të papërpunuar, derivate të naftës, biokarburantë dhe karburantë për transport,
- të sigurojë që derivatet e naftës, biokarburantët dhe karburantët për transport, me të cilat kryhet tregtia, t'i plotësojnë normat e përcaktuar të cilësisë,
- t'i respektojë ligjet, rregullat e tjera dhe aktet e përgjithshme, të cilat i referohen kryerjes së veprimtarisë tregti me naftë të papërpunuar, biokarburantë dhe karburantë për transport, mbrojtjes së konkurrencës, mbrojtjes së konsumatorëve, mbrojtjes së mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve dhe mbrojtjes gjatë punës,
- t'i plotësojë rregullat teknike, normat dhe standardet e punës së objekteve energjetike dhe të pajisjeve,
- të dërgojë të dhëna dhe informata në pajtim me Rregulloren e Mënyrës dhe Procedurës së Ndjekjes së Funksionimit të Tregjeve të Energjisë,
- të dërgojë njoftime për të gjitha rrethanat, ngjarjet dhe ndryshimet, të cilat kanë apo mund të kenë ndikim në kryerjen e veprimtarisë energjetike,
- të udhëheqë kontabilitet të veçantë për secilën veprimtari energjetike veçmas, që e kryen apo për veprimtari të tjera që i kryen,
- të mundësojë qasje të drejtpërdrejtë me kërkesë të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në dokumentacionin e përgjithshëm, që i referohet kryerjes së veprimtarisë energjetike, për të cilën është lëshuar licenca, në pajtim me Rregulloren e Licencave, dhe
- t'i respektojë rregulloret dhe dispozitat e tjera që i sjell apo i miraton Komisioni Rregullator i Energjetikës në pajtim me ligjin.

11. **Obligimi i dërgimit të Raportit Vjetor të Punës**

Bartësi i licencës është i obliguar që te Komisioni Rregullator i Energjetikës, më së voni deri më 31 mars të vitit vijues, të dërgojë raport vjetor pune, përfshirë edhe raportin për punë financiare dhe afariste gjatë vitit të kaluar.

Raporti vjetor me të gjitha shtojcat e tij duhet të dërgohet edhe në formë elektronike. Raporti vjetor duhet të përmbajë të dhëna për:

1) përshkrimin dhe vëllimin e kryerjes së veprimtarisë energjetike gjatë vitit,
2) llogarinë përfundimtare vjetore me të gjitha shtojcat,
3) masat e marra gjatë vitit raportues për:
   - mbrojtje të ndërtesave dhe pajisjes nga ndikimet e jashtme dhe aksidentet dhe sigurimin e ndërtesave dhe pajisjeve për kryerje të veprimtarisë energjetike,
   - siguri dhe shëndet gjatë punës,
   - ekipimin kadrovik, trajnimin dhe përsosjen profesionale të të punësuarve,
   - mbrojtjen e mjedisit jetësor, jetës dhe shëndetit të njerëzve,
   - kryerjen e monitorimit të punës,
   - kryerje të veprimtarive në kushte të gjendjes së krizës, ndryshim të kushteve në tregun botëror si dhe në gjendje lufte apo të jashtëzakonshme,
4) kryerjen e programit vjetor për riparime,
5) realizimin e planit të punës, që i referohet vitit përkatës,
6) monitorime inspektuese të kryera nga organe kompetente inspektimi dhe shtetërore, me kopje të bashkëngjitura të procesverbaleve, raporte dhe aktvendime të monitorimeve dhe të kontrolleve të kryera.

12. **Ndryshimi, vazhdimi, transmetimi, ndërprerja, pezullimi dhe marrja e licencës**

Ndryshimi, vazhdimi, transmetimi, ndërprerja, pezullimi dhe marrja e kësaj licence do të kryhet në pajtim me dispozitat e Ligjit të Energjetikës* dhe Rregullores së Licencave.

13. **Masat në rast të mosplotësimit të obligimeve nga ana e bartësit të licencës**

Nëse bartësi i licencës nuk i plotëson kushtet e përmbajtura në këtë licencë, Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, do të marrë masa në pajtim me Ligjin e Energjetikës* dhe Rregulloren e Licencave.